# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 8 став (5) од Правилникот за лиценци (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.51/19 и 54/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на 21 март 2019 година објавува

СООПШТЕНИЕ

Македонскиот оператор за пазар на електрична енергија – МЕМО ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Максим Горки бр. 4, Скопје на 21 март 2019 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија поднесе Барање за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија УП1 бр.12-15/19.

МЕМО ДООЕЛ Скопје енергетската дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија ќе ја врши на територијата на Република Северна Македонија.

Воедно МЕМО ДООЕЛ Скопје располага со опрема потребна за извршување на дејноста организирање и управување со пазарот на електрична енергија и тоа софтвер MMS (Market Management System) кој се состои од:

- лиценциран софтвер со база на податоци;
- развоен кориснички интерфејс;
- мрежни апликации и лиценци;
- интегриран систем за управување со учесниците на пазарот на електрична енергија;
- систем за управување со договори;
- систем за управување со номинации за учесниците на пазарот на електрична енергија;
- Систем за менаџирање со дебаланси на електрична енергија (Imbalance Management System);

Исто така МЕМО ДООЕЛ Скопје поседува и компјутерска и телекомуникациона опрема за вршење на дејноста организирање и управување со пазарот на електрична енергија.

Од страна на МЕМО ДООЕЛ Скопје побарано е издавање на лиценца за вршење на дејноста организирање и управување со пазарот на електрична енергија со времетраење од 35 години.

**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**

Ул. Македонија бб, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 / 02 3233-586 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk